# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ИНТЕГРАЛНИТЕ КОЛА

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА

ТОПОГРАФИЈАТА НА ИНТЕГРАЛНИТЕ КОЛА

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

(Службен весник на РМ бр. 05/1998 и 33/2006)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува правото на заштита на топографијата на интегрални кола.

Член 2

Во смисла на овој закон:
1. "интегрално коло", значи готов производ или меѓупроизвод во кој се звршува електронска функција и во кој има елементи, од кои најмалку еден е активен, и некои или сите од меѓуврските се интегрално формирани во дел на материјалот или на дел од материјалот, односно и во дел и на дел од материјалот.
2. "топографија на интегрални кола" (во понатмошниот текст: топографија), значи на било кој начин прикажан тродимензионален распоред на елементите, од кои најмалку еден е активен, и меѓуврската во интегралното коло, или таков тродимензнонален распоред подготвен за производство на определено интегрално коло.
3. "комерцијална експлоатација" на топографијата значи изработка, продажба, изнајмување, лизинг или некој друг метод на комерцијална дистрибуција, директно проврзана со топографијата или со интегралните кола, произведени врз основа на таа.

## II. СУБЈЕКТИ НА ЗАШТИТА

Член 3

Право на заштита на топографијата има нејзиниот конструктор. Кога топографијата е производ на повеќе конструктори, правото на заштита е заедничко за сите конструктори.
Кога топографијата е создадена за време на работен однос на конструкторот или врз основа на нарачка, право на заштита има работодавачот на конструкторот или лицето кое извршило нарачка, освен ако со условите на вработувањето или нарачката не е поинаку определено.

Член 4

Странските лица, во поглед на заштитата на топографијата ги уживаат истите права како и домашните лица, ако тоа произлегува од меѓународни договори и конвенции или од применувањето на начелото на реципроцитет.
Постоењето на реципроцитет го докажува лицето кое се повикува на реципроцитетот.

## III. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА

Член 5

Работите во врска со стекнувањето и заштитата на топографијата ги извршува Државниот заводот за индустриска сопственост (во понатамошниот текст: Завод)

Член 6

Во управната постапка што се однесува на заштитата на топографијата во прв степен решава Заводот.
Против првостепеното решение донесено од Заводот, жалба може да се поднесе до Комисија на Владата на Република Македонија.

Член 7

Заводот води регистар на пријави на топографии и регистар на заштитени топографии.
Регистрите од став 1 на овој член се јавни.

Член 8

Топографијата се заштитува доколку е оригинална.
За оригинална топографија се смета онаа која е резултат на сопствениот интелектуален обид на нејзиниот конструктор и која не била во општа употреба во индустријата за полупроводници тогаш кога била создадена.
Кога топографијата се состои од елементи кои се во употреба во индустријата, се заштитува само комбинацијата на тие елементи, при што се претпоставува дека ги исполнува условите кои се однесуваат на оригиналноста, како што е предвидено во ставот 2 на овој член.

## IV. СОДРЖИНА, ТРАЕЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО

### 1. Содржина на правото

#### Член 9

Носителот на заштитената топографија има исклучиво право на комерцијална експлоатација, вклучувајќи го и правото на овластување или забрана во следните случаи:
- репродукција на топографијата со секое средство или во секоја форма;
- увоз, продажба или друга форма на дистрибуција на топографија или на интегрално коло во кое се содржи заштитената топографија или производите кои содржат интегрално коло, а ја вклучуваат заштитената топографија.

Правото наведено во ставот 1 нема да се проширува на некој концепт, процес, систем или техника на кои се заснова топографијата, освен на заштитената топографија.
Правото од ставот 1 алинеа втора, не може да се ужива откако заштитената топографија или интегралните кола се ставени во употреба на пазарот од страна на носителот на правото или со негово одобрение.

### 2. Траење на правото

#### Член 10

Топографијата се смета дека е заштитена кога е запишана во регистарот на топографии.
Со исклучивото право носителот на заштитената топографија се стекнува:
- од датата на поднесување на пријавата согласно членот 12 на овој закон; или
- од денот кога предметната топографија за прв пат е комерцијално експлоатирана некаде во светот.

Исклучивото право престанува по истекот на периодот од 10 години од најраната дата на следните дати:
- на крајот од календарската година во која топографијата е прв пат комерцијално експлоатирана некаде во светот; или
- на крајот од календарската година во која пријавата била поднесена.

Исклучивото право истекува пред периодот предвиден во ставот 3 на овој член, доколку административните такси не се платени согласно законот со кој се уредуваат административните такси, или доколку носителот на правото на заштитената топографија ја откаже заштитата во писмена форма.
Доколку топографијата не била комерцијално експлоатирана, исклучивото право истекува по 15 години од нејзиното фиксирање или декодирање.

Во време на траењето на заштитата, носителот на правото има право да го означува предметното интегрално коло со големата буква "Т".

3. Ограничување на правото

Член 11

Пријава не може да се поднесе по истек на 2 години од денот кога топографијата била прв пат комерцијално експлоатирана.

V. ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА И РЕГИСТРАЦИЈА

1. Пријава

Член 12

Постапката за заштита на топографијата се поведува со пријава која содржи барање за признавање на правото и упис во соодветниот регистар (во натамошниот текст: пријава).
Пријавата мора да содржи податоци за подносителот и конструкторот,приказ на топографијата со податоци од секвенците, апстракт кој се однесува на карактеристиките на електронската функциа или функциите на интегралното коло, изработен врз основа на заштитената топографија, доколку топографијата веќе е комерцијално експлоатирана, изјава во писмена форма и наведување на денот кога предметната топографија за прв пат е експлоатирана.
За секоја топографија се поднесува посебна пријава.
Директорот на Заводот поблиску ќе ги пропише формата и содржината на пријавата за регистрација на топографијата.

2. Испитување на пријавата

Член 13

Заводот испитува дали пријавата ги содржи сите податоци за упис во регистарот на топографии, како што е предвидено со членот 12.
Барањето ќе се отфрли доколку пријавата не ги содржи предвидените податоци.
Доколку пријавата не ги содржи сите податоци од член 12 на овој закон, се известува подносителот на пријавата за утврдентите недостатоци и се повикува да ја уреди пријавата во рок од 2 месеци. Доколку подносителот не ја уреди пријавата во предвидениот рок, со заклучок пријавата ќе се отфрли.
Доколку пријавата е уредна во смисла на член 12 од овој закон, со решение се признава правото и

Заводот го запишува во соодветниот регистар.
Запишувањето во соодветниот рсгистар се објавува во службеното гласило на Заводот.

## VI. НИШТОВНОСТ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА

### Член 14

Регистрацијата се смета за ништовна доколку се утврди дека:
- заштитената топографија не е оригинална; или пријавата не е поднесена од овластено физичко или правно лице; или
- пријавата е поднесена по датата предвидена со членот 10 став 5 или со членот 11 на овој закон; или
- приказот на заштитената топографија не овозможува негова идентификација.

## VII. ПОВРЕДА НА ПРАВОТО И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

### 1. Повреда на правото

### Член 15

Доколку повредата на правото предизвикала и настанување на штета, лицето чие право е повредено може да бара на лицето кое го повредило правото да му биде забрането да продолжи со дејствата кои можат да ја зголемат штетата.
Секое лице кое го повредува правото на заштитена топографија е одговорно за настанатата штета согласно општите правила за надомест на штета.
Следните случаи нема да се сметаат за повреда на правото на заштитената топографија:
- репродукција на заштитена топографија за некомерцијални цели; или
- репродукција на заштитена топографија за анализа или разработка на нејзиниот концепт, процеси, системи и техники, содржани во топографијата, или за истражување или за образовни цели; или
- комерцијална експлоатација на нова топографија која била изработена врз основа на анализи и разработка на заштитената топографија, но, која се смета за оригинална и е резултат на сопствените интелектуални напори на конструкторот и не е општо прифатена во индустријата на полупроводници.

### 2. Надомест на штета

### Член 16

Нема да одговара за надомест на штета лицето, кое комерцијално експлоатира интегрално коло кое вклучува заштитена топографија, и кое тоа не го знаело, или не можело да знае дека топографијата на производот е заштитена.

Носителот на правото на топографија има право на надомест на штета од денот кога лицето кое комерцијално ја експлоатира заштитената топографија, дознало дека топографијата е заштитена. Висината на надоместот наведен во ставот 2 на овој член ќе биде взаемно договорен помеѓу носителот на правото на заштитената топографија и лицето наведено во ставот 2 на овој член. Доколку не се постигне договор, надлежниот суд ќе ја утврди висината на надоместот. Одредбите од ставот 2 исто така се применуваат на сукцесорите на лицето наведено во ставот 2. Правото на комерцијална експлоатација е ограничено на увоз, продажба или дистрибуција на производите на интегрирани кола или други производи кои ја вклучуваат заштитената топографија, и ова право се применува на топографијата или производите во времето кога барањето според ставот 2 на овој член било примено.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Само топографиите конструирани по денот на влегување во сила на овој закон можат да бидат заштитени, согласно овој закон.

### Член 18

Одредбите за застапување и застапување на странци, составот на Комисијата по жалби на Владата на Република Македонија, достапност на документацијата и информациите на Заводот, начинот на поднесување на пријава, роковите за продолжување на постапката, впишување на промени во регистарите, општите одредби за судска заштита, мерките на обезбедување, пренесување на правата и договор за лиценца, огласување за ништовно на решение за признавање на правата од индустриска сопственост, инспекцискиот надзор од Законот за индустриската сопственост (“Службен весник на Република Македонија” бр. 47/02, 42/03, 09/04 и 39/06) ќе се применуваат и на топографиите на интегрални кола.

### Член 19

Прописот предвиден со членот 12 од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Член 20

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија”.